ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **09.02.2022 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски**, Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Секторот за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски**, Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски**, Советник - Одговорен сметководител – **Марија Златановска**, Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ** - подршка на градоначалникот .

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи,финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со

тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Одделение за финансиски прашања**

Од страна на Советник - Одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.
-Во текот на денот да се направи состанок околу анализа за доставување на решенија за данок на имот и фирмарини во координација со Даниела Велковска.
-Да се разгледа можноста за воведување на ПОС Терминали откако ќе се достави барање до Министерство за финансии и се добие нивна согласност.
-Марија Златановска заедно со Даниела Велковска да направат анализа дали е подобро да се прифати понудата од ЈП „Македонски пошти" за доставата или да се продолжи по стариот начин на вршење на достава.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Од страна на Раководителот на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.
-По спроведување на јавна набавка за метални елементи да се изврши оградување на спортскиот комплекс во координација со ЈП Комуналец.
-Да се организира транспорт на донирани шини од МЖ.
-Тековни активности

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Од страна на Раководител на Одд. за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина – **Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела
-Да се определат локации за поставување на 4 куќички на градскиот плоштад, а останатите да ги дислоцира ЈП Комуналец, за оставените куќички да се утврди дејност за работа и во координација со Даниела Велковска да се распише јавен повик.
-Да се исконтактира со архитектите од Министерство за труд и социјална политика и да се закаже средба во врска со ОУД ,,Боро Менков''.
-Да се даде како задача на Марјан Алексовски и Билјана Ц.Тасевска да се исцртаат местата за паркинг простор позади општинската зграда и да се постават рамките на паркинг просторот.
-Тековни активности.

**Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски** беше дадено известување во

врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела:

-Да се отпочне постапка за проект Денар за спорт.

-Во координација со Маја Костадиновска и градоначалникот на општината да се разгледа добиениот повик за План за одржлива урбана мобилност.

-Тековни активности

## Одделение за човечки ресурси

Од страна на Раководителот на Одделение за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

## Одделение за правни и општи работи

-Од страна на Раководителот **Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се разгледа можност за формирање Совет за туризам во координација со Драган Величковски.

-Да се разгледа законската обврска за формирање на просторен кризен штаб во координација со Бранко Велиновски.

-Да се разгледа можноста за формирање на Економско-социјален совет и која е постапката.

-Тековни активности

## Одделение за инспекциски надзор

-Од страна на Раководителот за испекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Пред реализација на месечните планови истите да бидат разгледани од страна на градоначалникот.

-Градежниот инспектор и комуналниот инспектор да вршат контрола на населбите барем еднаш неделно во рамки на своите надлежности.

-Градежниот испектор да врши контрола на сите дадени одобренија за градба.

-Тековни активности

## ЈП Комуналец

Од страна на Директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

–Да се дислоцираат куќичките од градскиот плоштад.
-Да се отстрани солот и ризлата и потоа да се направи чистење на улиците и целосно чистење на градскиот плоштад.
-Да се уреди просторот како неформален паркинг простор под соларски мост пред ООУ Јоаким Крчовски и дефинирање на земјиштето до месец Март во координација со Маја Костадиновска и Никола Граматиков.
-Уредување на речното корито.
-Да се направи нов план за собирање на отпадот од постоечките фирми во кругот на поранешна фабрика Карпош.
-Да се заврши со расчистување и уредување на складот во с.Конопница.
-Да се продолжи хортикулурното уредување на сите позиции од претходниот период до месец март.
-Како активност за нареден период да се направи чистење и да се огради спортскиот комплекс.
-Да се види можноста за искористување на извадените коцки од градски плоштад во координација со Маја Костадиновска.
-Да се спроведе чистење на старите и новите градските гробишта.

-Тековни активности

**<u>ЛУ Градски Музеј</u>**

-Отсутен од колегиумот

**<u>Генерални заклучоци за сите одделенија</u>**

-Да се започне со реализација е на Годишните програми усвоени од Советот на општината.
-Седница на совет да биде одржана на 21.02.2022 година, а друга седница на Совет за советнички прашања да биде на 25.02.2022 година. Да се достави материјал до Биљана Тасевска и да направи координација со Претседателот на советот и кординаторите на советнички групи на 19.02.2022 година.

**09.02.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**